# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

За периодот октомври – декември 2025 година

Февруари, 2026 година

## СОДРЖИНА


1. Резиме
2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)
   - а) Собрание на ИОРРСМ
   - б) Управен одбор
   - в) Комисија за образование, обука и публикации
   - г) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор
   - д) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
   - ѓ) Комисија за контрола на квалитетот
   - е) Комисија за стандарди за ревизија
   - ж) Дисциплинска комисија
3. Судски постапки


## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот октомври – декември 2025 година, беа усвоени следните:

- ✓ Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци.
- ✓ Одлука за одобрување на образец - Годишен извештај за активности (ГИА) - ревидиран октомври 2025 година.
- ✓ Упатството за начинот на доставување на податоци од страна на субјектите на контрола на квалитет.
- ✓ Одлука за одобрување на образец - Изјава за точност и комплетност на податоци во ППП образецот и ГИА.
- ✓ Одлука за изрекување дисциплинска мерка – Времено исклучување од членство во ИОРРСМ за овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизија Стојчевски Куманово (ТП008).
- ✓ Одлука за одобрување на Препораката за зачленување во ИОРРСМ на следните овластени ревизори: Ристе Златевски и Елена Димовска.
- ✓ Одлуки за издавање уверение за ревизор за лицата кои го положиле испитот за стекнување звање ревизор: Драган Панев и Јорданчо Јаќимовски.
- ✓ Одлуки за издавање на уверение за ревизор за лица кои квалификацијата ја стекнале во странство за: Владимир Аврамоски, Александра Бакулеска и Христина Ѓорѓиевска,
- ✓ Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот јули-септември 2025 година.
- ✓ Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година.
- ✓ Прирачник за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори.
- ✓ Одлуката за престанување на важење на Правилникот за спроведување на континуирано професионално усовршување донесен од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ бр. 0202-137/11 од 22.03.2021 година.
- ✓ Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Јавна опомена за овластен ревизор Надица Стојчевска (ОР 112).

На 04.12.2025 година СУНРРСМ даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци.

На 29.12.2025 година СУНРРСМ даде согласност на: Годишната Програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година и Годишниот извештај за наодите од извршените контроли на квалитет - согласно Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година.

## НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ

На 06 октомври 2025 година, на барање на ИОРРСМ беше одржан состанок со Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС) на теми за дискусија поврзани со новиот Правилник за начинот на водење сметководство, прашања во врска со одложената примена на МСФИ 9, членство на ИСОС во IFAC и други теми од заеднички интерес за двете професии. На состанокот како претставници на ИОРРСМ присуствуваа претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и членови на Управниот одбор на ИОРРСМ.





Во периодот од 10-14 ноември 2025 година под покровителство на TAIEX Expert Mission & Workshop on defining Public Interest Entities (PIEs) and Best Practices for Audit Quality Control in the Transition of Responsibilities from the Institute of Certified Auditors и организатор СУНРРСМ беа одржани серија на предавања и работилници на неколку локации како СУНРРСМ, ИОРРСМ и хотел Арка, Скопје. Предавачи на настаните беа експерти од Република Грција кои што имаа за цел да разменат искуства и знаење во врска со имплементација на директиви и регулативи од Европската унија со фокус на ентитети од јавен интерес (ЕЈИ). Беа споделени поопсежни разгледувања на рамката за вршење на ревизија на Европската унија, како и акцент на прашањето за пренесување на надлежностите за воспоставување и вршење на контрола на квалитет од професионалното тело на ревизори (ИОРРСМ) кај регулаторот (СУНРРСМ).

Од страна на ИОРРСМ беа вклучени: членовите на Управниот одбор: Јане Иванов, Љубица Јоанидис, Срѓан Ранѓеловиќ, Владимир Соколовски, Генералниот секретар Татјана Тодоровска и контролорите на квалитет Бранка Стојановска и Марија Божиновски.




На 12 и 13 ноември 2025 година, Претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски присуствуваше на Собранието на IFAC во Мексико Сити, Мексико. Покрај официјалниот дел, настанот содржеше панел дискусии и презентации на теми поврзани со професијата, проблемите со кои се соочува професијата од аспект на намалување на интересот на новите генерации за влез во истата, значајноста на регионалната соработка помеѓу членките со акцент на соработката помеѓу земјите од Јужна Америка, новите трендови за влез на приватен капитал во сметководствената индустрија како и други актуелни теми.

Во периодот од 18-20 ноември 2025 година беше одржана виртуелна работилница со он-лајн пристап со наслов *Global Workshops on IFRS Sustainability Disclosure Standards for Banks* во организација на IFC International Finance Corporation Wordl bank Group и партнерски организации, со цел продлабочување на разбирањето на стандардите IFRS S1 и IFRS S2 – глобална основа за известување за одржливост, како и да обезбеди практични сознанија за банкарскиот сектор. Поканата за оваа работилница беше од отворен тип и истата беше испратена до сите овластени ревизори-членови на ИОРРСМ.

На 12 ноември 2025 година, по повод 75 годишнината од основањето на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, како гости на свечената академија присуствуваа членовите на Управниот одбор на ИОРРСМ: Јане Иванов, Љубица Јоанидис, Марјонка Николовска, Владимир Соколовски и Огњен Блажевски.

На 24 ноември 2025 година, од страна на Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС) и Здружението на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија (ЗВРСМ) беше организиран *Прв стручен симпозиум* во просториите на Економскиот факултет – Скопје. Настанот беше посветен на актуелните професионални и етички предизвици со кои се соочуваат сметководителите и внатрешните ревизори во услови на економска динамика и дигитална трансформација. Како говорници на настанот учествуваа професионалци од земјата и странство кои што споделија искуства и најдобри практики со присутните. Од страна на ИОРРСМ на настанот присуствуваа членовите на Управниот одбор Љубица Јоанидис, Владимир Соколовски, Срѓан Ранѓеловиќ и Марјонка Николовска.

Од 3-4 декември 2025 година, Љубица Јоанидис, член на Управниот одбор на ИОРРСМ и Љупчо Наумовски, член на Комисијата за спроведување на испитот, учествуваа на работилницата *Adapting Accounting Frameworks for SMEs and the IFRS for SMEs Accounting Standard Update - Training of Trainers Workshop,* која што се одржа во Виена Австрија, во организација на Центарот за реформи во финансиското известување (CFRR)/Светска банка. Оваа работилница беше организирана со цел да се унапреди знаењето на сметководствената професија за најновите промени во известувањето во рамките на Европската унија и да подготви релевантни обучувачи на МСФИ за мали и средни претпријатија.

Во периодот од 9-10 декември 2025 година, контролорите на квалитет на ИОРРСМ Бранка Стојановска и Марија Божиновски учествуваа на настан со наслов *Forum of Public Oversight Bodies* (POB Forum) во организација на Центарот за реформи во финансиското известување (CFRR)/ Светска банка во Тирана, Албанија. Настанот беше поддржан и од програмите (REPARIS for SMEs) и (EEASURE). Како клучни теми на настанот беа издвоени споделувањето на добри практики, навигација низ регулаторните предизвици и размислувања за прогресивен пристап за она што значи регулација на професијата. Беа споделени сознанија за прогресот системот за надзор на ревизијата на Република Албанија, трансформативната улога на технологијата вклучително и вештачката интелигенција и практични искуства од земјите учеснички.





На 18.12.2025 година се одржа состанок на Работната група во состав: претставници од ИОРРСМ (Јане Иванов, Љубица Јоанидис, Александра Кузмановска и Антонио Велјанов, членови на Управен одбор) и претставници на СУНРРСМ (Лидија Нануш, член на СУНРРСМ и Марија Кузманов, вработена во стручната служба на СУНРРСМ). Агендата на работната група, засега има две точки: Закон за ревизија и прашања поврзани со контрола на квалитет.

На 26 декември 2025 година, Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС), организираше *состанок за примена на усвоени Насоки за МСФИ*. Како претставници на ИОРРСМ на состанокот учествуваа јане Иванов, Владимир Соколовски, Љубица Јоанидис и Антонио Велјанов за дискусија поврзана со *Насоките за техничка примена на Меѓународните стандарди за финасиско известување (МСФИ) во период на ажурирање на подзаконските акти, усвоени од Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија (СУНСП).*

## ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЗВАЊЕ РЕВИЗОР



Од 22 септември до 03 октомври 2025 година беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор во вонредната испитна сесија септември/ октомври 2025. Двајца кандидати ги положија сите испити од Програмата за полагање на испитот, додека тројца кандидати во постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство го положија предметот Законска регулатива и добија уверение за ревизор.

Од 15 до 26 декември 2025 година беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор во редовната испитна сесија декември 2025.

# <u>КПУ НАСТАНИ ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ 2025</u>

На 07 октомври 2025 година ИОРРСМ и Здружение на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ), спроведоа заеднички настан за КПУ, за овластени ревизори и внатрешни ревизори, како комбиниран настан во просториите на Едукативен центар М6 и он-лајн присуство преку стриминг.



На настанот беше презентирана темата *Измами и форензика во пракса* од предавач Ивана Ѓагојевиќ, за што се признаваа 6 КПУ часа.

На 05 ноември 2025 година, ИОРРСМ спроведе настан за КПУ за овластени ревизори, како настан со он-лајн присуство преку стриминг. Тема на настанот беше *Активности на внатрешната ревизија во сферата на пазарот на капитал и спречувањето перење пари и финансирање на тероризам,* презентирана од предавачите Јасна Смилева и Гоце Трајковски за што се признаваа 4 КПУ часа.



На 06 ноември 2025 година ИОРРСМ спроведе настан за (КПУ) за овластени ревизори, со физичко присуство во Рагуза 360°, Скопје. Претставници на Управата за финансиско разузнавање (УФР), Љиман Бисљими и Бурхан Мемеди ја презентираа темата *Улогата и надлежностите на Управата за финансиско разузнавање во системот за СПП/ФТ, како и состојбата и ранливоста на секторот ревизија.*

На истиот настан членовите на комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги Ненад Ранѓеловиќ и Игор Митевски како членови на Комисијата ги презентираа резултатите од извршените контроли во циклусот на контроли на квалитет 2023/2024 и 2024/2025 година. За присуство на целиот настан се признаваа 7 КПУ часови и 1 КПУ час за присуство на седница на Собранието на ИОРРСМ, кое што беше организирано во склоп на настанот.

На 26 ноември 2025 година ИОРРСМ спроведе настан за КПУ за овластени ревизори, со физичко присуство во Рагуза 360°, Скопје. Настанот беше посветен на темата МСФИ 17, а предавачи на настанот беа овластените ревизори: Сања Аризанов Марјонка Николовска Александра Кузмановска и Коста Спасевски, генерален советник за стратешко планирање и управување со квалитет во Агенција за супервизија на осигурување. За присуство на настанот се признаваа 8 КПУ часови.



На 16 декември 2025 година ИОРРСМ одржа настан за КПУ за овластени ревизори, со физичко присуство во Едукативен центар М6, Скопје. Настанот се спроведе во соработка со Жарко Матејиќ, CISA, CRISC и Ненад Ранѓеловиќ, овластен ревизор од Друштво за ревизија Форвис Мазарс Ревизија ДОО Скопје. Тема на настанот беше обработка на МСФИ 16 – договори за наем од практичен аспект, како и презентација на софтверска алатка за примена на истиот. За присуство на настанот се признаваа 8 КПУ часови.



Во периодот од 9 до 26 декември 2025 година, преку веб страницата на ИОРРСМ, беше овозможено електронски да се проследат предавањата кои што ИОРРСМ претходно ги спроведе како настани за КПУ за 2025 година на: 17 јуни (8 КПУ часа), 18 јуни (8 КПУ часа), 7 октомври (6 КПУ часа), 6 ноември (7 КПУ часа), 6 ноември (7 КПУ часа), 26 ноември (8 КПУ часа). Членовите на ИОРРСМ можеа да се пријават за следење на настаните, само доколку не биле во можност да учествуваат при првичното спроведување на настаните.

Во периодот од 12 до 25 декември 2025 година, беше спроведено Годишно електронско следење на КПУ за овластените ревизори за кое што се признаваа 8 КПУ часа за 2025 година.

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Собрание на ИОРРСМ

36-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) беше одржана на 06.11.2025 година.

На 36-та седница на Собранието на ИОРРСМ беа донесени/усвоени следните:

- Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци.
- Присутните членови на ИОРРСМ, со тајно гласање, согласно Статутот на Институтот, избираа членови на Дисциплинската комисија заради истекување на мандатот на членовите. За членови на Дисциплинската комисија беа избрани: Биљана Поповска, Звонко Кочовски, Костадинка Китаноска, Елена Трпковска Василевска, Елена Кумова Петрова.

### б) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 259-та, 260-та, 261-та, 262-та, 263-та, 264-та и 265-та седница, на кои што ги усвои/одобри следните:

- Одлука за одобрување на ревидиран образец - Годишен извештај за активности (ГИА) - ревидиран октомври 2025 година.
- Упатството за начинот на доставување на податоци од страна на субјектите на контрола на квалитет.
- Одлука за одобрување на образец - Изјава за точност и комплетност на податоци во ППП образецот и ГИА.
- Годишен извештај за наодите од контролата на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2023/2024 година.

- Предлог за одземање на лиценца на овластени ревизори согласно член 28 од Законот за ревизија за овластен ревизор Стоил Стоименовски.
- Одлука за изрекување дисциплинска мерка – Времено исклучување од членство во ИОРРСМ за овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизија Стојчевски Куманово (ТП008).
- Одлука за одобрување на Препорака за зачленување во ИОРРСМ на следните овластени ревизори: Ристе Златевски и Елена Димовска.
- Предлог - одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци (бр. 0201-387/03 од 21.12.2018 година.)
- Одлуки за издавање уверение за ревизор за лицата кои го положиле испитот за стекнување звање ревизор: Драган Панев и Јорданчо Јаќимовски.
- Одлуки за издавање на уверение за ревизор за лица кои квалификацијата ја стекнале во странство за: Владимир Аврамоски, Александра Бакулеска и Христина Ѓорѓиевска.
- Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот јули-септември 2025 година.
- Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година.
- Прирачник за континуирано професионално усовршување, на предлог на Комисијата за образование, обука и публикации.
- Одлуката за престанување на важење на Правилникот за спроведување на континуирано професионално усовршување бр. 0202-137/11 од 22.03.2021 година.
- Одлука за именување на претседател на Дисциплинска комиси на ИОРРСМ.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Јавна опомена за овластен ревизор Надица Стојчевска (ОР 112).

Управниот одбор разгледуваше: Квартален извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 30.09.2025 година, за доставување до СУНРРСМ; извештаи од спроведена контрола на квалитет согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија; Извештај за спроведување на испитот за испитна сесија – јуни/јули 2025 година, усвоен од Комисијата за спроведување на испитот.

Управниот одбор разгледуваше и предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, како и дописи и други поднесоци доставени од СУНРРСМ и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## в) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Подготви и одобри Билтен на ИОРРСМ за периодот јули-септември 2025 година.
- Организираше подготвителни активности за спроведување на настани за КПУ и список на КПУ настани кои ќе бидат повторно понудени да се следат преку веб страната на ИОРРСМ, за лица кои не биле во можност да ги проследат при нивното првично одржување.
- Утврди презентации за Годишно електронско следење на КПУ за овластените ревизори за 2025 година.
- Усвои Предлог-Прирачник за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори, по насоки на Управниот одбор на ИОРРСМ.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## г) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

**I.** Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за вонредната испитната сесија – септември/октомври 2025 година. Во периодот од 22 септември до 03 октомври 2025 година беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

- Го разгледа Извештајот за резултатите од спроведување на испитот за вонредна испитна сесија - септември/октомври 2025 година, доставен од координаторот проф. д-р Марина Трпеска и ги утврди резултатите испитот.

**II.** Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитната сесија декември 2025 година. Во периодот од 15 до 26 декември 2025 година, беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

- Комисијата ги разгледа доставените барања за полагање на испитот и придружната документација од заинтересираните кандидати за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Усвои Список на кандидати кои ги положиле сите испити од Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор на ИОРРСМ, за доставување до Комисијата за регистрација (вонредна испитна сесија - септември/октомври 2025 година).
- Усвои Извештаи за положен испит од областа на законска регулатива во РСМ за баратели кои стекнал квалификација за ревизор во странство.
- Назначи координатор, набљудувачи и оценувачи за испитната сесија - декември 2025 година.
- Комисијата усвои списоци на кандидати кои пријавиле испити во испитната сесија - декември 2025 година (во рок за редовно и задоцнето пријавување) и утврди датуми за полагање на испитите во испитната сесија - декември 2025 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше барања за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препораки за зачленување на нови овластени ревизори.
- Разгледуваше Список на кандидати кои ги положиле сите испити од Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор на ИОРРСМ во вонредна испитна сесија - септември/октомври 2025 година и усвои Известување до Управен одбор на ИОРРСМ за лицата кои стекнале право за добивање на Уверение за ревизор.
- Разгледуваше доставени Извештаи за положен испит Законска регулатива од Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и усвои предлози до Управниот одбор за издавање уверение за ревизор за лица кои квалификацијата ја стекнале во странство.
- Разгледуваше барања за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препораки за зачленување на друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## ѓ) Комисија за контрола на квалитетот

Во периодот октомври - декември 2025 година, Комисијата за контрола на квалитетот:

- Усвои Предлог за измени и дополнување на Правилникот за контрола на квалитет, во контекст усогласување со новите стандарди (МСР, МСУК1, МСУК2 итн.);
- Усвои Квартален извештај за спроведените контроли по барање на СУНРРСМ за периодот до 30.09.2025 година;
- Усвои предлог Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет 2024-2025 година.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања, извршуваше активности поврзани со спроведување на Годишниот план за контрола на квалитет за 2025/2026 година и разгледуваше други прашања поврзани со надлежностите на Комисијата согласно Статутот. Контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2025/2026 година.

**е) Комисија за стандарди за ревизија**

Комисијата за стандарди за ревизија во периодот октомври – декември 2025 година, повторно разгледуваше и усвои циркуларни писма согласно дадени забелешки од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

**ж) Дисциплинска комисија**

Дисциплинската комисија во периодот октомври – декември 2025 година, спроведе активности во дисциплинска постапка врз основа на Одлука за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор против овластени ревизори кои не ја исполниле законската обврска да посетуваат обука од најмалку 120 часа за период од три години (за 2024 -2023 – 2022 година), односно посетување обука од најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување, согласно член 28 од Законот за ревизија.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања, и спроведуваше активности согласно надлежностите на комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

## 3. Судски постапки

### I. Управни спорови

Во рамки на извештајниот период октомври - декември 2025 година, по однос на управните спорови по тужбите од овластен ревизор Стојанчо Коцев и овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, кои што се во жалбена постапка од 2024 година, сеуште нема исход.